**20111483229**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 октомври 2011 година.

Бр. 07- 4395/1
19 октомври 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Член 1

Во Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2004, 115/2007 и 18/11), во членот 55 по ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) Дозволата од ставот (2) на овој член се издава во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(7) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (6) на овој член ги пропишува министерот за култура.“

Ставот (6) станува став (8).

Член 2

По членот 55 се додава нов член 55-а, кој гласи:

„Член 55-а

(1) Доколку директорот на Управата не ја издаде дозволата, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот утврден во членот 55 став (6) од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на директорот на Управата заради издавање на дозвола. Доколку директорот на Управата нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на Управата.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за култура.

(3) Директорот на Управата е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член да донесе решение со кое барањето за издавање на дозвола е уважено или одбиено.

(4) Кон барањето за остварување на правото од ставот (1) на овој член подносителот на барањето поднесува копие од барањето од членот 55 став (6) од овој закон.

(5) Доколку директорот на Управата не донесе решение по барањето од ставот (1) во рокот од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во Управата и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Управата во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој директорот на Управата одлучил по поднесеното барање.

(8) Доколку директорот на Управата не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој директорот на Управата ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку директорот на Управата не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (6) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (6) на овој член или не поднел пријава согласно со ставот (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Управата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку директорот на Управата не одлучи во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.“

Член 3

Во членот 63 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Одобрението од ставот (2) на овој член се издава во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(4) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за култура.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (5) и (6).

Член 4

По членот 63 се додава нов член 63-а, кој гласи:

„Член 63-а

(1) Доколку директорот на Управата не издаде одобрение, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот утврден во членот 63 став (3) од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на директорот на Управата заради издавање на одобрение.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за култура.

(3) Директорот на управата е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член да донесе решение со кое барањето за издавање на одобрение е уважено или одбиено.

(4) Кон барањето за остварување на правото од ставот (1) на овој член подносителот на барањето поднесува копија од барањето од членот 63 став (3) од овој закон.

(5) Доколку директорот на Управата не донесе решение по барањето од ставот (1) во рокот од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши инспекциски надзор во Управата и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Управата во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој директорот на Управата одлучил по поднесеното барање.

(8) Доколку директорот на Управата не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој директорот на Управата ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку директорот на Управата не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (6) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (6) на овој член или не поднел пријава согласно со ставот (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Управата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку директорот на Управата не одлучи во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.“

Член 5

Во членот 75 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за култура.“

Член 6

По членот 75 се додава нов член 75-а, кој гласи:

„Член 75-а

(1) Доколку директорот на Управата не издаде претходно заштитно-конзерваторско одобрение, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот утврден во членот 75 став (2) од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на директорот на Управата заради издавање на одобрение. Доколку директорот на Управата нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на Управата.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за култура.

(3) Директорот на Управата е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член да донесе решение со кое барањето за издавање на одобрение е уважено или одбиено.

(4) Кон барањето за остварување на правото од ставот (1) на овој член подносителот на барањето поднесува копија од барањето од членот 75 став (2) од овој закон.

(5) Доколку директорот на Управата не донесе решение во рокот од ставот (3) на овој член подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во Управата и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Управата во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(8) Доколку директорот на Управата не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој директорот на Управата ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку директорот на Управата не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (6) на овој член или не поднел пријава согласно со ставот (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе

изврши надзор во Управата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (12) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку директорот на Управата не одлучи во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.“

Член 7

Во членот 87 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот за култура.“

Ставовите (5), (6) и (7) стануваат ставови (6), (7) и (8).

Член 8

По членот 87 се додава нов член 87-а, кој гласи:

„Член 87-а

(1) Доколку директорот на Управата не издаде одобрение, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот утврден во членот 87 став (3) од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на директорот на управата заради издавање на одобрение. Доколку директорот на Управата нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на Управата.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за култура.

(3) Директорот на управата е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (1) на овој член да донесе решение со кое барањето за издавање на одобрение е уважено или одбиено.

(4) Кон барањето за остварување на правото од ставот (1) на овој член подносителот на барањето поднесува копија од барањето од членот 87 став (3) од овој закон.

(5) Доколку директорот на Управата не донесе решение во рокот од ставот (3) на овој член подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во Управата и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Управата во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(8) Доколку директорот на Управата не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој директорот на Управата ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку директорот на Управата не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (5) на овој член или не поднел пријава согласно со ставот (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Управата дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (12) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку директорот на Управата не одлучи во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна."

Член 9

Постапките за издавање на дозвола за археолошки истражувања, одобрение за опрема за детекција, претходно заштитно-конзерваторско одобрение и конзерваторско одобрение започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2004, 115/2007 и 18/11).

Член 10

Подзаконските акти кои се предвидени со овој закон, министерот за култура ќе ги донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот (1) на овој член во „Службен весник на Република Македонија“ истите веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавуваат на веб страницата на Управата.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.